**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Уп 1 број : 22-398/6**
**10.02.2025год.**
**Кочани**

Врз основа на член 122, член 123 став 1 и член 127 став 2 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Кочани, постапувајќи по Барањето на **ТДВИЛ „Европа 92" ДООЕЛ Кочани** со седиште на ул. „Крижевска" бр.52 Кочани за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 – 398/1 од 18.11.2024 год. донесува:

**РЕШЕНИЕ**
***за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола***

**1. СЕ УСВОЈУВА** барањето на **ТДВИЛ „Европа 92" ДООЕЛ Кочани** со седиште на ул. „Крижевска" бр.52 Кочани, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 – 398/1 од 18.11.2024 година.

**2. СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола на **ТДВИЛ „Европа 92" ДООЕЛ Кочани** со седиште на ул. „Крижевска" бр.52 Кочани за инсталација со примарна дејност – површинска обработка на материјали, предмети или производи во кои се користат органски растворувачи, за печатење.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот, оператор на инсталацијата, **ТДВИЛ „Европа 92" ДООЕЛ Кочани** со седиште на ул. „Крижевска" бр.52 Кочани, до Градоначалникот на Општина Кочани поднесе Барање под број УП1 бр. 22-398/1 од 18.11.2024 год. за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, за инсталација со примарна дејност - површинска обработка на материјали, предмети или производи во кои се користат органски растворувачи, за печатење.

Во предметното Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола се содржани податоци и опис на инсталацијата и нејзините технички активности, податоци за суровините, отпадот, емисиите, мониторингот, табеларни прикази и прилози, врз основа на што се димензионирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина и усогласени се активностите со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина.

По доставеното комплетно Барање, извршен е увид на инсталацијата од страна на одговорно лице од општината, заради утврдување на усогласеноста на проектната документација со фактичката состојба.

Бидејќи операторот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр. 100000000063095,
упл.с/ка 840-136-03182,
цел на дознака Административни Такси, прих. шифра 722 315 00

*Доставено до:*

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Овластен инспектор за животна средина
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Кочани, 10.02.2025 година
(населено место) (ден и месец)

**Изработил,**
**Љ/С**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
по овластување на Градоначалникот
Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.
Раководител на сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи

**Дивна Цековска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ